ЗАПИСНИК
од V-та редовна седница на Надзорниот Одбор на
Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Седницата е одржана на ден 21.12.2017 година (четврток) во 17,00 часот во административните канцеларии на Друштвото во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ на бул.8-ми Септември бр.13 во Скопје со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од IV – тата седница на Надзорниот Одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
2. Разгледување и одобрување на Предлог пречистен текст на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2018 година
3. Разно

Присутни :
- Г-дин Марковски Мишо
- Г-дин Трајковски Стефан и
- Г-дин Галетановски Ѓорѓи .

На седницата беа присутни управителот на Друштвото – Александар Петровски, раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска и раководителот на секторот за општи и правни работи на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје Роберта Теова во својство на записничар.

1.Претседателот ја отвори седницата и го стави на расправа предложениот дневен ред.
По усвојувањето на дневниот ред, Претседателот ја стави на расправа првата точка од дневниот ред : Усвојување на записник од IV – тата редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје.

Претседателот го прочита добиениот Записник и сите членови едногласно донесоа одлука за усвојување на истиот.

2.Претседателот ја стави на расправа втората точка на дневниот ред: Разгледување и одобрување на Предлог пречистен текст на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2018 година

Претседателот му даде збор на управителот на друштвото.

Согласно потребата да се исплатат во целост доверители за долгови настанати од претходни години од работењето на друштвото, управителот укажа дека има предлог да се изврши пренамена на буџетските средства во висина од 60.000.000,00 денари (кои средства се дел од донесената Одлука за одобрување на средства за зголемување на основна главнина на Друштвото од Влада на Република Македонија во висина од 180.000.000,00 денари (Бр.42.147/1 од 5 јануари 2016 година) и тоа на следниот начин:

- во висина од 51.627.357,00 денари :
    - отплата на Носителот на набавката - изведувачите на изградба на рекреативниот аква парк,
    - исплата на долгот во целост кон ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје *(предвремена) и*
    - исплата на долг од јавна набавка од предходни години на Трговското друштво ТИВЕРИЈА ДООЕЛ Скопје за изведба на соларните панели во Пливачкиот базен – долг од јавна набавка од предходни години *(предвремена)*
- во висина од 6.911.306,00 денари за спроведување јавни набавки во 2018 година а кои средства ќе се прикажат во Финансиски план на Друштвото за 2018 година како пренесено салдо од минати години

Г-дин Галетановски Ѓорѓи изјави дека е во тек со работењето на управителот и друштвото и дека истото заслужува пофалба.

Управителот истакна дека единствена опасност за работењето на Друштвото е завршувањето на договорот за брендирање но во тек се преговори за негово продолжување што ќе доведе до понатамошна стабилност.

Во целата ситуација во прилог на Друштвото е и затворањето на СКОПСКИ САЕМ што овозможи одржување на саемите во комплексот на Спортскиот Центар со што се зголемува приходот на друштвото.

Управителот укажа дека во август 2018 година во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје е закажано оддржување на светското првенство во ракомет У20 и светско првенство во борење.
Исто така, организацијата на Европско првенство во ракомет за жени, сениори кое треба да се оддржи во 2022 година е во процес. Арената во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ ги помина сите меѓународни инспекции но еден од условите за добивање на првенството е да се следат нивните високи стандарди меѓу кои е и спортскиот семафор.
Исто така се поднесени и две кандидатури од Кошаркарска федерација за одржување натпревари за големи првенства.
Услов за оддржување на истите е Спортскиот Центар да има спортски семафор согласно најновите спортски стандарди за што Владата на Република Македонија ќе обезбеди финансиски средства во висина од 13.000.000,00 денари.
Вршењето на реконструкција и санација на соблекувалните во Спортскиот Центар (потреба за промена на санитарните јазли, плочките и туш кабините) е потребно заради дотраеност на истите (објектот е во функција веќе десет години) и појавување на влага и прокиснување во дел од издадените деловни простории од кои Друштвото остварува приход а која реконструкција ќе допринесе за визуелниот изглед и функционалноста на објектот за што Владата на Република Македонија ќе обезбеди финансиски средства во висина од 3.100.000,00 денари.

Раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска укажа дека Јазичниот Центар ЛОГОС ЦЕНТАР се затвори од причина што работењето е со загуба и непрофитабилно.

По разгледување на Предлог пречистениот текст на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2018 година, членовите на Надзорниот одбор едногласно донесоа одлука со која одобрија изменување на Финансискиот план (Програма за работа)

на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2017 година (заведен со арх.бр.05-866/1 од 07.10.2016 година) и со која го одобрија Предлог пречистениот текст на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2017 година.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави прашање .

Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори седницата .

Записничар
Теова Роберта

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Г-дин Марковски Мишо

______________________